**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ШЕЕСЕТ И СЕДМАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 15.10.2025 година**

**СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА**
**З А П И С Н И К**

**Од Шеесет и седмата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 15.10.2025 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **м-р Сашо Кукески**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Шеесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Шеесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **26 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **м-р Сашо Кукески**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **26 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период ноември 2021 година - октомври 2025 година; и
2. Предлог - Одлука за распределба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2025/2026 година.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за**

**редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период ноември 2021 година - октомври 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период ноември 2021 година - октомври 2025 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за распределба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2025/2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за распределба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2025/2026 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - м-р Сашо Кукески ја заклучи Шеесет и седмата седница на советот на Општина Гази Баба, во **12:55** часот.

**Број 09-8933/5**
**од 15 октомври 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот